РЕАКЦИИ НА ИЗЛОЖБАТА "ГЛОБАЛВУД" ВО МАЛА СТАНИЦА

# "Дали и уметничката елита е турбо-фолк?"

■ **Проектот во "Мала станица" стана интересен откако во дискусијата се вмеша и публиката, од каде што и ставовите на жирито се оценија како турбо-фолк**

Идејата да се соочат двата света, оној на културњаците и оној на турбофолкерите, беше една од централните теми на изложбата на Нада Прља, која завчеравечер предизвика голем интерес кај јавноста и го исполни просторот на "Мала станица" во Скопје. На натпреварот на турбо-фолк пејачи, од петмина пријавените остана само еден, а неговиот настап, според концептот на Прља, го оценуваше жири од ликовни теоретичари. Главната награда со два наспроти еден глас од жирито, како единствен кандидат ја доби натпреварувачот кој имаше храброст да настапи пред уметничката јавност и да учествува во овој проект.

Идејата на Прља е да ги измеша двата света кои живеат сами за себе и да им даде подеднаков простор да ги бранат своите убедувања.

Жирито пристапи прилично академски кон турбофолкот. Проектот во "Мала станица" стана интересен откако во дискусијата се вмеша и публиката, од каде што и ставовите на жирито се оценија како турбо-фолк.

"Многу сум задоволна како помина сé", ни изјави Нада Прља. Таа е задоволна од тоа дека еден таков настан успеал во галериски простор и се оградува од некои мислења дека со оглед на тоа што живее во Англија, таа си поигрува со турбо-фолкот. "Напротив, пандан на турбото има разни видови на Запад, на пример, во поп-културата. Но јас го зедов Балканот, зашто длабоко го чувствувам во себе", ни рече Прља.





Фото: Б. Грданоски

*Горан единствен се охрабри да учествува на огласот да стане турбо-фолк ѕвезда*

"Глобалвуд" е насловот на изложбата што има повеќе асоцијации, а изложбата има неколку сегменти, меѓу кои и видео каде што со жилет на стомакот се исцртува знакот на еврото, покажувајќи дека е моќта во парите, но дека материјалното богатство е и болен процес.

***(М. За.)***

# Куси европски филмови во "Точка"

Вечерва во 20 часот во Културниот центар "Точка" ќе има проекција на четири куси европски филмови: шведскиот "Разговор" на Лукас Мудисон, францускиот "Жизел Керозен" на Јан Коунен, шпанскиот "Човекот без глава" на Хуан Соланас и британскиот "Светот на славата" на Рој Андерсон.

"Разговор" е снимен пред 10 години и зборува за специфичниот вид на шведската осаменост.

"Жизел Керозен" претставува лудување на група панкери во Париз, а во филмот е користена и анимација.

Шпанскиот "Светот на славата" е необично претставување на животот на главниот лик. Филмот "Човекот без глава" е окарактеризиран како едно од најдобрите куси филмски остварувања во последните години. Добитник е на наградата на жирито на Канскиот фестивал во 2003 година.

Сите филмови се со англиски превод.